**Согласно Програмата за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи во 2024 одина (Службен весник на РСМ, бр. 17 од 24.01.2024 година), Министерството за економија објавува:**

# ЈАВЕН ПОВИК
## за организирање на одмор на работници со ниски приходи

**Предмет на јавниот повик е “Издавање на Потврда за одмор на работници со ниски приходи во вредност од 18.000,00 денари”**

1. Согласно Програмата за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи во 2024 одина (Службен весник на РСМ, бр. 17 од 24.01.2024 година), Министерството за економија објави јавен повик за организирање на одмор на работници со ниски приходи преку издавање на потврда за одмор на работници со ниски приходи во вредност од 18.000,00 денари. Министерството за економија ќе издава потврда за одмор на работници со ниски приходи се до исцрпување на средствата предвидени со Програмата за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи за 2024 година.

Барањата за добивање на потврда за одмор на работници со ниски приходи кои ќе пристигнат по исцрпување на расположливите средства и по завршување на рокот за аплицирање нема да бидат разгледани.

- Основна цел на овие проекти е да им се овозможи на лицата со ниски приходи да искористат годишен одмор, и во исто време да им се помогне на туристичките центри во зголемување на обемот на работа надвор од туристичка сезона.
- Министерството за економија ќе издава Потврда во вкупна вредност од **18.000,00 денари** за лица со ниски примања за да истите ги користат во Категоризираните угостителските објекти за сместување во Република Северна Македонија кои претходно се пријавени во Министерство за економија согласно јавниот повик за пријавување на интерес на угостителските објекти за сместување за користење на средства за организиран одмор преку прифаќање на Потврди за работници со ниски приходи.

2. **Право на учество на јавниот повик имаат сите физички лица кои се вработени и нивните месечни примања во семејството не го надминуваат нето приходот од 50.000,00 денари.**


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikë së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.”Jurij Gagarin” nr.15 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3093 471
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2015
CERTIFICATE
Q 1113

Едно лице може да добие само една Потврда за користење на средства за организиран одмор согласно овој Јавен повик.

За учество по Јавниот повик работниците со ниски приходи - баратели до Министерството за економија треба да достават:

- Пополнет образец за барање (готов формулар);
- Потврда од работодавецот за висината на исплатена плата и извод од банка за последните три (3) месеци за подносителот и на членовите на потесното семејство (доколку се вработени) кои заедно со него ќе го користат одморот;
- Потврда од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија со која се докажува дека членовите на потесното семејство не се вработени (за членовите од семејството кои се над 62 години за жени и 64 за мажи доказ од ПИОМ дека не се приматели на пензија)
- За членовите од семејството кои се над 18 години и се ученици во средно образование или студенти се доставува потврда од образовната установа.
- Фотокопија од лична карта или патна исправа за него и членовите на потесното семејство кои заедно со него ќе го користат одморот (за лица под 18 години Извод од матичната книга на родените)
- Изјава дека барателот лично или со членовите на потесното семејство кои се наведени во барањето ќе го користат одморот се согласни дека личните податоци Министерството за економија ќе ги искористи исклучиво за оваа намена (готов формулар);
- Доказ за членовите на потесното семејство (Извод од матичната книга на венчаните, потврда за развод или посмртница за член од семејството);
- Изјава дека барателот морално, материјално и кривично одговара за внесените податоци (личните податоци и финансиските средства), потпишана од подносителот на барањето (заверена на нотар).

3. **Образецот на Барањето за добивање на потврда** за користење на средства за организиран одмор може да се подигне во архивата на Министерството за економија или да се обезбеди преку интернет страната на министерството: www.economy.gov.mk

-За секоја Потврда Министерството за економија ќе води евиденција кој ја користи и во кој угостителски објект за сместување ќе се искористи.

- Барањата за добивање на Потврда ќе ги разгледува Комисијата формирана од страна на Министерот за економија.


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikë së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, Скопје Република Северна Македонија
Rr.”Jurij Gagarin” nr.15 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3093 471
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2015 CERTIFICATE Q 1113

- Листата на баратели кои доставиле уредна и комплетна документација се објавува на веб страната на Министерството за економија најдоцна седум дена од денот на утврдувањето на листата.
- На Работниците со ниски приходи-баратели кои се утврдени во Листата на баратели, Министерството за економија им издава Потврда за одмор на работници со ниски приходи во износ од 18.000,00 денари,
- Потврда за одмор на работници со ниски приходи се издава по принципот "прв дојден прв услужен".
- Потврдата за користење на средства за организиран одмор може да се користи само од работникот на кого му е издадена заедно со членовите на неговото потесно семејство кои се наведени во барањето.
- **Потврдата за одмор на работници со ниски приходи ќе може да се искористи од моментот на добивање до 30 Јуни 2024 година и од 15 Септември до 01 Декември 2024 година** во некој од угостителските објекти од Листата на пријавени угостителски објекти за сместување, објавена на веб страната на Министерство за економија.

Надзорот над реализацијата на Програмата ќе го врши Комисија формирана од Министерот за економија.

- Јавниот повик е објавен на веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk и во дневните весници Нова Македонија и Коха.

- **Барањата со комплетна документација се доставуваат по пошта или лично до Архивата на Министерството за економија ул."Јуриј Гагарин" 15, Скопје, секој работен ден од 9:30 - 15:30 часот најкасно до 29 Февруари 2024 година.**

тел: (02) 3093 543; 3093 540; 3093 536; www.economy.gov.mk


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikë së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин " бр. 15, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Jurij Gagarin" nr.15 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3093 471
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2015
CERTIFICATE
Q 1113